Romalitico
ROMA POLICY ANALYSES

2023

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА-
## ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ 2021-2022

Овој извештај е изработен во рамките на проектот „Граѓанска интеграција на Роми“, финансиски поддржан од страна на Канцеларијата за Ромски иницијативи, Фондација Институт Отворено Општество – Берлин.

Извештај во Сенка за Спроведувањето на јавните политики за Роми за 2021-2022 година

Издава: Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико

Автори:
М-р Дениз Селмани
М-р Марија Сулејманова
М-р Алберт Мемети

ИЗВЕШТАЈ во сенка за Спроведување на јавни политики за Роми 2021-2022 година / [автори Дениз Селмани, Марија Сулејманова, и Алберт Мемети]. – Скопје: Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико, 2023. – 53 страни.

Оваа публикација е овозможена со поддршка на Ромската Канцеларија на Фондацијата Институт Отворено Општество, во рамките на проектот „Граѓанска Интеграција на Роми 2020", што го имплементира Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Фондацијата Институт Отворено Општество.

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АВРСМ | Агенција за вработување на РМ |
| АДСДП | АД за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Република – Скопје |
| БИЈК | Барање за информации од јавен карактер |
| ГО | Граѓански организации |
| ДЗС | Државен Завод за Статистика на РМ |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЕУ | Европска Унија |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ЛАП | Локален акциски план |
| МбР | Министер без ресор |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| НАП | Национален акциски план |
| НКТ | Национално координативно тело за имплементација на стратегијата за Ромите |
| ОИСР | Одделение за имплементација на Стратегијата за Ромите |
| РИЦ | Ромски информативен центар |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| УРУОЈПЗ | Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |
| УАУКЗРСМ | Управа за афирмирање и унапредување на културата на заедниците во Република Северна Македонија |

## СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........ 2
1.Вовед ........ 4
2.Институционална поставеност ........ 6
3. Преглед на постигнувањата на стратешките приоритети ........ 8
2.1 Област: Вработување ........ 8
2.2 Област: Домување ........ 16
2.3 Област: здравство ........ 20
2.4 Област: Образование ........ 23
4. Заклучоци ........ 26
5. Препораки ........ 28
6. Користени извори ........ 31

# 1.ВОВЕД

Проектот „Граѓанска Интеграција за Роми 2020", што го имплементира Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико, има за цел да даде придонес на граѓанското општество во следењето и во оценувањето на јавните политики кои произлегуваат од Националната Стратегија за Роми и Националните Акциони Планови. Имајќи во предвид дека Стратегијата беше донесена во 2022 година, овој извештај дава приказ на состојбата во четирите приоритетни области - Вработување, Домување, Образование и Здравство.

Генерален заклучок е дека политиките за интеграција на Ромите во горенаведените области за периодот 2021-2022, не го достигнаа очекуваниот прогрес и покрај силните заложби кои Владата ги предвиде во својата програма. Во однос на јавните политики за Роми, периодот 2021-2022 се карактеризираше со справување со економските последици од Ковид кризата и општото зголемување на цените, со значителна финансиска стимулација на приватниот сектор, при што политиките за Роми беа потиснати од останатите приоритети – Влез во ЕУ, справување со корупцијата, скрининг процес.

Во однос на вработувањето, има зголемување на регистрираната невработеност на Ромите, при што во апсолутни бројки бројот на регистрирано невработени Роми како активни баратели на работа е зголемен. Активните политики на пазарот на трудот во некоја мера придонесоа во креирање на нови бизниси, меѓутоа и понатаму главен предизвик останува образовната квалификација. Во однос на домувањето, општините ниту ги урбанизираат ромските населби ниту ги користат државните средства за урбанизација. Новиот предлог закон за легализација повеќе од 2 години е закочен во Собранието, додека општините под притисок на граѓанскиот сектор почнува да ги решава предметите според стариот закон за постапување со бесправно изградени објекти од 2018 година. Во областа на здравството, лошата социо-економска состојба дополнително ја влошува здравствената состојба; буџетот во рамките на Министерството за здравство и понатака останува неискористен; додека бројот на ромски здравствени медијатори е значително зголемите, истите сеуште не сѐ систематизирани во здравствениот систем. Во однос на граѓанската регистрација, предизвиците со лицата кои се евидентирани во посебната книга во однос на користењето на правата од социјална заштита, образование, вработување и натаму остануваат. Олеснителна околност е што новиот закон за државјанство овозможува симплификација во докажувањето на престој во државата, при што дава неколку можности за докажување – работна книшка, свидетелство, здравствена книшка која се користела во период од осамостојувањето до денес. Остануваат клучните предизвици во процесот на спроведување на јавните политики за Роми - намалување на невработеноста и трансформација на неформалната економија во формална, урбанизација на ромските населби и легализација, премин од основно во средно образование на ученици Роми, додека пак во областа на здравството - краткиот животен век на Ромите и високата стапка на смртност кај новороденчињата.

Имајќи во предвид дека во периодот 2021-2022 немаше Стратегија за Роми и Акциски планови, јавните политики за Роми кои беа добра пракса од изминатите години продолжи да се спроведува, при што може да се заклучи дека во однос на приоритетните области домување и инфраструктура ситуацијата е подобрена, пред се поради реализацијата на инфраструктурни проекти. Во делот на вработување, зголемена е опфатеноста на Роми во активните мерки за вработување особено во делот на започнување на бизнис, но ниската образовна квалификација и немањето на јавни политики за подобрување на образовната структура остануваат и понатака главен предизвик. Здравствената состојба е значително влошена, пред се поради немањето на матични лекари, лошата

инфраструктура но и предизвиците кои произлегуваат од социо-економските карактеристики на заедницата. Во делот на образование, одредени политики се систематизира, се зголемија бројот на медијатори во основното образование, се воведоа и педагошки асистенти, но и понатаму предизвик останува преминот од едно во друго одделение, како и сегрегацијата во одредени општини кои произлегуваат од неспроведувањето на политиката за реонизација на локално ниво.  Немањето на структура за спроведување на јавни политики, и покрај најавувањето за воспоставување на директорат, сектори за Роми, дополнително го отежнува процесот на координација и спроведување на планираните политики и буџет.  Исто така, негативниот ефект за реализацијата на програмата на Влада се должи и на политичките процеси во државата, вклучувајќи го проблемот со Бугарија, политички турбуленции во мнозинството како и честите промени на клучните луѓе кои беа назначени за координација и имплементација на целиот процес.

Извештајот во сенка врши проценка на состојбата во приоритетните области на релевантните министерства и ги оценува спроведените мерки за социјална инклузија на Ромите. Извештајот опфаќа период јануари 2021 – декември 2022 година.

Во подготовката на извештајот применета е методологија за следење на приоритетните области – вработување, образование, домување и здравство развиена во 2016 година, како и во претходните извештаи. Методологијата вклучува прибирање и анализа од примарни и секундарни извори. Примарните податоци се прибрани преку разговор со Ромската заедница во форма на онлајн дијалози како и преку информации прибрани преку БИЈК.

## 2.ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ

По одлуката за укинување на позицијата Министер без ресор од страна на Владата на РСМ, и поставувањето на Советник за инклузија на Роми во рамките на Кабинетот на претседателот на Владата, Стратегијата за Роми и нејзината имплементација е поставена на ниво на Влада со цел да се обезбеди подобрувањето на квалитетот на живот на ромската заедница. Институционалната поставеност за имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година се состои од:

- Национална контакт точка за Роми и национален координатор за имплементација на Стратегијата за Роми 2022-2030,
- Министерството за труд и социјална политика,
- Национално координативно тело за имплементацијата на стратегијата за Роми која ги вклучува ресорни министерства за имплементација на стратегијата за Роми, граѓанските организации, Народен правобранител, Комисијата за превенција и заштита од дискриминација,
- Интерпартиската парламентарна група за поддршка на Ромите

**График 1** ***Институционална поставеност на спроведувањето на Стратегијата за Роми***




### 1.1 НАЦИОНАЛНА КОНТАКТ ТОЧКА

Спроведувањето на оваа стратегија на политичко ниво го следи Националната контакт точка за Роми и Национален координатор за имплементацијата на Стратегијата за Роми 2020-2030, номиниран од страна на Владата на Република Северна Македонија. Улогата и одговорностите на Националната контакт точка за Роми се дефинирани во заклучокот на Владата од 9 февруари 2021 и истите се однесуваат на обезбедување координација и соработка со сите засегнати страни за ефикасно и навремено спроведување на Стратегијата на Роми и годишните оперативни планови. Националната

контакт точка го координира процесот на следење, имплементација и ја информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Ромите во Република Македонија и воедно ја претставува Република Северна Македонија на меѓународно ниво за прашања поврзани со ромската заедница, кои произлегуваат од Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

## 1.2 НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО

Министерството за труд и социјална политика, како заменик контакт точка за Роми е одговорно за координација помеѓу останатите ресорни министерства и владините институции/канцеларии со цел интеграција на ромските проблеми во главните социо-економски политики и акциони планови. Дополнително, МТСП ја координира работата на Националното координативно тело во обезбедувањето на функционалност на работни групи во ресорните министерства во процесот на подготовка, имплементација и следење на годишните оперативни планови во согласност со обезбедените буџетски средства на ниво на ресорните министерства. Во рамките на Министерството за труд и социјална политика, функционира и Одделението за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите кое дава административна и техничка поддршка за работите и задачите што се однесуваат на имплементација, информирање и прибирање на податоци за спроведувањето на Стратегијата за Роми.

Во 2022 година беше одржан деветтиот состанок на Владата на РСМ со Европската Комисија за вклучување на Ромите. Целта на овој состанок беше да се направи преглед на спроведување на оперативните заклучоци од состанокот одржан во 2019 година и утврдување на оперативните заклучоци за 2023 и 2024 година. Во истиот период беше организирана Националната Платформа за претставување и дискусија за новата Стратегија за Роми 2022 – 2030 година.

## 1.2 ИНТЕРПАРТИСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ГРУПА ЗА ПОДДРШКА НА РОМИТЕ

Интерпартиската парламентарна група за поддршка на Ромите се формираше во февруари 2021, при што една од целите е поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, каде што членуваат пратеници од постоечкиот собраниски состав од различни политички партии. Улогата на парламентарната група на Ромите во однос на спроведувањето на Стратегијата на Ромите е во насока на координација со претставниците од законодавната власт, како и во обезбедување на поддршка и унапредување на законската регулатива која директно се однесува на ромската заедница. Во 2021 година Интерпартиската парламентарна група за поддршка на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Македонија на која координаторката е пратеничката Љатифе Шиковска го презентираше акциониот план за 2021/22 година. Планот предвидува системски решенија за подобрување на условите и правата на Ромите и нивна интеграција во општеството. Целта на овој акционен план е претставување на проблемите и потребите на ромската заедница во Собраниските комисии и остварување на дебати за прашањата поврзани со Ромите во државата

**Процена на состојбата**

Дефинираните надлежности на Националната контакт точка во однос на спроведувањето на стратегијата во периодот 2021-2022, и покрај тоа што се јасно дефинирани во одлуката за Влада, во пракса практично не се спроведуваа пред се поради немањето на Стратегија и Национални акциски планови. Дополнително во однос на транспарентност, достапност на информации и ажурирања на веб-страницата за информации поврзани со спроведувањето на јавни политики, постоеше застој во информирањето кое се должи пред се на немањето на канал на внатрешна комуникација од Влада, при што индивидуалните активности на Националната контакт точка беа објавувани на социјалните медиуми.
Дополнително, Националната контакт точка нема достапност на човечки ресурси кои може да дадат поддршка во спроведувањето, координацијата на сите засегнати страни во процесот, при што целиот товар е пренесен на една индивидуа.

Националното Координативно Тело, пред се поради немањето на стратегија и акциски планови не одржа состаноци, при што генерална забелешка во однос на работата на ова тело е во однос на доделувањето на поголема моќ на ова тело во насока на спроведувањето и постапување на заклучоци од состаноците со сите засегнати страни.

Интерпарламентарната група, сеуште не а на ниво каде што може вистински да се насочи кон креирање на законски промени и решенија внатре во Собранието и покрај тоа што има претставници од сите политички партии. Дополнително, потребна е и стручна поддршка на претставниците на оваа група, како и стручна анализа за потребни законски измени за поддршка на интеграцијата на Ромите во сите области

# 3. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

## 2.1 ОБЛАСТ: ВРАБОТУВАЊЕ

### 2.1.1 НЕВРАБОТЕНОСТ НА РОМИ

Имајќи во предвид дека во рамките на спроведувањето на анкетата за работна сила не се земаат етнички карактеристики, најблизок индикатор за стапката на невработеност е учеството на регистрираните невработени (активни) во вкупната невработеност. Споредбено со периодот 2018-2020, стапката на регистрирани невработени како учество во вкупната невработеност е зголемена пред се поради економските последици од Ковид и зголемувањето на општото ниво на цените.

*Според податоците добиени од АВРМ, учеството на Ромите во вкупниот број на невработени за 2021 година изнесува 10.3% според состојбата на 31.12.2021, истиот процент се однесува и на учеството на невработеноста на жената Ромка во вкупната невработеност на жените. Учеството на Ромите во вкупниот број на вработени според состојбата на 31.12.2022 година изнесува 10%.*

**График 2: Учество на Ромите во Вкупната невработеност, Јан – Дек 2021**




**График 3: Учество на Ромите во Вкупната невработеност, Јан – Дек 2022**




Како што може да се забележи од графиконот 1, стапката на учество на невработени е зголемена од 9.3% во Јануари на 10.3% во Декември 2021. Во текот на 2022, стапката на учество на невработени останува на константно ниво и во просек изнесува 10%.

*Табела 1:Активни баратели на работа, Јан-Дек 2021*

| | Јан | Феб | Мар | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Роми | 14,580 | 14,714 | 13,863 | 13,857 | 13,838 | 13,802 | 13,782 | 13,717 | 13,650 | 13,644 | 13,555 | 13,488 |
| % промена | | **0.92%** | **-5.78%** | **-0.04%** | **-0.14%** | **-0.26%** | **-0.14%** | **-0.47%** | **-0.49%** | **-0.04%** | **-0.65%** | **-0.49%** |
| Жени-Ромки | 7,379 | 7,451 | 7,056 | 7,040 | 7,045 | 7,049 | 7,049 | 7,038 | 6,999 | 6,986 | 6,951 | 6,922 |
| % промена | | **1.0%** | **-5.3%** | **-0.2%** | **0.1%** | **0.1%** | **0.0%** | **-0.2%** | **-0.6%** | **-0.2%** | **-0.5%** | **-0.4%** |

Од табелата за активни баратели на работа може да се увиди дека апсолутниот број на невработени активни баратели на работа се намалува, при што најголем намалување има во март 2021 година од 5.7%. Кај жените ромки има во Март од 5.3%, при што може да се заклучи дека жените имаат најголемо влијание во намалувањето на бројот на активни баратели на работа.

*Табела 2:Активни баратели на работа, Јан-Дек 2022*

| | Јан | Феб | Мар | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Роми | 13,067 | 13,101 | 12,990 | 12,226 | 12,001 | 11,916 | 11,879 | 11,561 | 11,458 | 11,482 | 11,338 | 11,223 |
| | | **0%** | **-1%** | **-6%** | **-2%** | **-1%** | **0%** | **-3%** | **-1%** | **0%** | **-1%** | **-1%** |
| Жени - Ромки | 6,696 | 6,966 | 6,634 | 6,224 | 6,130 | 6,096 | 6,080 | 5,920 | 5,861 | 5,881 | 5,831 | 5,767 |
| | | **4%** | **-5%** | **-6%** | **-2%** | **-1%** | **0%** | **-3%** | **-1%** | **0%** | **-1%** | **-1%** |

Од табелата за активни баратели за периодот Јан – Дек 2022 може да се увиди дека апсолутниот број на невработени активни баратели на работа значително се намалува, при што најголемо намалување има во април 2022 година од 6% и август од 4%. Истиот тренд е и кај жените Ромки.

Од аспект на структурата на невработеност, според состојбата од 31.12.2022 година, 93% се лицата без основно и со основно образование, 2.7% со непотполно средно образование, 4.3% со завршено средно образование.

*Табела 3:Структура на невработени Роми според образование, Јан-Дек 2022*

| **Општина** | **Вкупно** | | **Без образование и со основно образование** | | **Непотполно средно образование** | | **Завршено средно образование** | | **Више образование** | | **Високо образование** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| **Битола** | 798 | 405 | 770 | 387 | 9 | 6 | 18 | 11 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **Велес** | 187 | 100 | 180 | 98 | 4 | 0 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Виница** | 290 | 153 | 277 | 146 | 3 | 0 | 10 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Гази Баба** | 237 | 135 | 220 | 128 | 14 | 5 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Гостивар** | 784 | 395 | 675 | 348 | 20 | 3 | 84 | 40 | 0 | 0 | 5 | 4 |
| **Дебар** | 410 | 186 | 363 | 170 | 8 | 0 | 36 | 15 | 0 | 0 | 3 | 1 |
| **Делчево** | 106 | 55 | 89 | 49 | 7 | 2 | 10 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Кичево** | 654 | 328 | 615 | 312 | 8 | 3 | 30 | 13 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| **Кочани** | 413 | 205 | 391 | 199 | 12 | 1 | 10 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Куманово** | 866 | 423 | 821 | 406 | 14 | 3 | 27 | 12 | 0 | 0 | 4 | 2 |
| **Прилеп** | 1356 | 699 | 1311 | 678 | 11 | 5 | 33 | 16 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| **Тетово** | 282 | 131 | 243 | 113 | 10 | 3 | 27 | 14 | 0 | 0 | 2 | 1 |
| **Центар** | 228 | 135 | 207 | 128 | 13 | 3 | 7 | 3 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **Чаир** | 424 | 235 | 397 | 229 | 15 | 2 | 11 | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Штип** | 669 | 318 | 640 | 305 | 10 | 1 | 19 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Шуто Оризари** | 2047 | 1079 | 1863 | 1017 | 99 | 23 | 81 | 38 | 1 | 0 | 3 | 1 |
| | **11230** | **5770** | **10401** | **5430** | **311** | **87** | **490** | **241** | **2** | **0** | **26** | **12** |

### 2.1.2 УЧЕСТВО НА РОМИТЕ ВО АКТИВНИТЕ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Во текот на 2021, вкупно 589 Роми биле вклучени во активните мерки за вработување, при што најголем број на Роми се вклучени се во програмата за јавни работи, младински додаток, и субвенционирање на плати. Во однос на претходните години има зголемување во број на вклучени Роми во поддршка за самовработување и субвенционирање на плати.

Во однос на проодност на апликациите – може да се забележи дека има мала проодност на апликациите во програма за самовработување (33%), стручните обуки според барање на работодавачите (35%) и практикантсво (49%).

*Табела 4: Опфат на Роми во активните мерки за вработување 2021*

| | **Планиран опфат на лица** | **Поднесени апликации** | **Склучени договори** | **Опфат на Ромите по мерки** | **Проодност на апликации** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Поддршка за самовработување** | 1877 | 111 | 37 | 2% | 33% |
| **Субвенционирање на плати - вкупно** | 1978 | 120 | 84 | 4% | 70% |
| **Вработување и раст на правни субјекти** | 353 | 24 | 22 | 6% | 92% |
| **Поддршка за вработување на лица со попреченост** | 210 | 0 | 17 | 8% | |
| **Обука на работно место за познат работодавач - Вкупно** | 152 | 5 | 2 | 1% | 40% |
| **Обука за стручни квалификации според барања на работодавачите** | 100 | 2 | 2 | 2% | 100% |
| **Стручни обуки според барања на работодавачите** | 80 | 20 | 7 | 9% | 35% |
| **Обуки за побарувани занимања** | 400 | 101 | 19 | 5% | 19% |
| **Обука за возачи за Ц и Д категорија** | 50 | 4 | 0 | 0% | 0% |
| **Обуки за напредни ИТ вештини** | 300 | 2 | 1 | 0% | 50% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Практикантсво** | 1413 | 55 | 27 | 2% | 49% |
| **Јавни работи - вкупно** | 1050 | 267 | 216 | 21% | 81% |
| **Општо корисна работа** | 750 | 97 | 54 | 7% | 56% |
| **Младински додаток** | 2500 | | 101 | 4% | |

Од податоците добиени од агенцијата за вработување, вклучени се вкупно 451 Роми во активните мерки за вработување. При што дополнително 1075 лица се вклучени во програмата за младинска гаранција.

*Табела 5: Опфат на Роми во активните мерки за вработување 2022*

| | **Склучени договори** |
|---|---|
| **Поддршка за самовработување** | 46 |
| **Кредитирање** | 9 |
| **Вработување и раст на правни субјекти** | 39 |
| **Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции (пилот мерка)** | 2 |
| **Субвенционирање на плати** | 91 |
| **Обуки за возачи за Ц и Д** | 7 |
| **Практикантсво** | 39 |
| **Јавни работи** | 138 |
| **Општо корисна работа** | 61 |
| **Обука** | 19 |
| **Вкупно** | **451** |

*Табела 5: Вкупно Роми вклучени во Младинска гаранција*

| Услуги | | Понуда за вработување | | Континуирано образование и наука | | Практикантсво | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени |
| 73 | 36 | 250 | 103 | 15 | 14 | 21 | 2 |

## 2.1.3 ВРАБОТЕНОСТ НА РОМИ

*ПРИВАТЕН СЕКТОР*

Во однос на минатиот период, она што може е видливо и може да се забележи е дека приватниот сектор поради недостиг на работна сила, се повеќе вработуваат Роми. Од податоци од агенцијата за вработени може да се увиди дека вкупно прилив од невработени Роми се 1,478 (723 жени), при што 285 лица се за прв пат пријавени во евиденцијата за невработени, 445 се лица кои претходно имале работен однос, 516 лица кои претходно биле избришани од евиденцијата на невработени и 232 лица кои преминале од пасивни во активни баратели.

Од друга страна, одливот на Ромите односно лица кои престанале да се водат во регистарот на невработени изнесува 3,834 лица, **каде што 843 Роми засновале работен однос**, 2720 се симнати од евиденција и тие лица имаат забрана од 1 година за пријавување во агенцијата за вработени, и 271 лице кое преминале во пасивни баратели на работа.

Од 843 Роми кои засновале работен однос, 383 се жени, при што 80% се лица кои се без образование и со основно образование, 4% со непотполно средно образование, 13% со завршено средно образование и останатите 3% се со више и високо образование

*Табела 6: Вкупен број на прилив и одлив на Роми во агенцијата за вработување*

| ` | **Вкупно** | | **Без образование и со основно образование** | | **Непотполно средно образование** | | **Завршено средно образовани е** | | **Више образовани е** | | **Високо образован ие** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| **Вкупно евидентирани невработени лица, националност Роми** | 11230 | 5770 | 10401 | 5430 | 311 | 87 | 490 | 241 | 2 | 0 | 26 | 12 |
| **Прилив (лица кои стекнале статус невработен во текот на дадениот период)** | **1478** | **723** | **1291** | **637** | **55** | **23** | **118** | **59** | **2** | **0** | **12** | **4** |
| **Лица кои првпат се пријавиле во евиденцијата на невработени** | 285 | 149 | 238 | 126 | 6 | 3 | 39 | 20 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **Од работен однос (независно пред колку време престанал работниот однос)** | 445 | 193 | 362 | 155 | 30 | 12 | 45 | 22 | 0 | 0 | 8 | 4 |
| **Од симнатите од евид. на невработени по сите законски основи** | 516 | 268 | 476 | 249 | 11 | 6 | 27 | 13 | 1 | 0 | 1 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Од евиденцијата на друго лице кое бара работа** | 232 | 113 | 215 | 107 | 8 | 2 | 7 | 4 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| **Одлив (лица кои престануваат да се водат во евиденцијата на невработени)** | **3834** | **1936** | **3404** | **1747** | **139** | **39** | **265** | **140** | **2** | **1** | **24** | **9** |
| **Засновале работен однос** | **843** | **383** | **677** | **314** | **37** | **11** | **114** | **50** | **1** | **0** | **14** | **8** |
| **Симнати од евиденцијата по законските основи** | 2720 | 1415 | 2484 | 1306 | 92 | 26 | 133 | 81 | 1 | 1 | 10 | 1 |
| **Преминале во евиденцијата на друго лице кое бара работа** | 271 | 138 | 243 | 127 | 10 | 2 | 18 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 |

*Извор: БИЈК, АВРСМ*

## *ЈАВНА И ДРЖАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА*

Според податоци од Министерството за информатичко општество, во 2021 вработени се 112.777 вработени во јавниот сектор, од кои 1.344 се Роми што претставува 1.19% од вкупниот број на вработени во јавниот сектор во 2021 година. Во 2022, бројот на вработени во јавниот сектор се намалил, при што според податоците број на вработени Роми се зголемил за 307 Роми, или 0.3 проценти поени во споредба со 2021 година.

Од извештајот за вработените од Министерството за информатичко општество, може да се забележи дека најголемо зголемување во текот на 2022 година има во јавните претпријатија за 1.53 процентни поени, судски совет 3 процентни поени.

Во рамки на министерствата, нема ниту еден вработен во министерство за животна средина, министерство за локална самоуправа и министерство за здравство. Исто така, нема ниеден вработен Ром во регулаторните тела, како и во следните општини – Велес, Кичево, Неготино и Прилеп и покрај тоа што има значително ромско население во општините.

*Табела 7: Вкупен број на вработени во јавниот сектор*

| Година | Вкупен број на вработени во јавниот сектор | Вработени Роми во јавниот сектор | % | % промена во однос на претходната година |
|---|---|---|---|---|
| **2020** | 111,609 | 1,295 | 1.16% | - |
| **2021** | 112,777 | 1,344 | 1.19% | 0.03 процентни поени |
| **2022** | 110,465 | 1,651 | 1,49% | 0.3 проценти поени |

***Извор: МИОА, Регистар на вработени во јавниот сектор 2021 и 2022***

Во текот на 2022 година, биле објавени вкупно 2075 огласи за вработување од кои 65 огласи за кандидати Роми. Како што може да се забележи од табелата, вкупно 79 уредни апликации, и 68 неуредни апликации, при што 61 кандидати биле повикани на тестирање и 52 лица на интервју. Од вкупниот број на кандидати Роми кои аплицирале во јавниот сектор, 42 Роми се вработени во државниот сектор.

*Табела 8: Вкупен број на вработени во јавниот сектор*

| **Етничка припадност** | **Вкупно активни огласи** | **Апликации** | | **Тестирање** | **Интервју** | **Избрани кандидати** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Уредни | Неуредни | | | |
| **Македонци** | 1,344 | 4,573 | 5,822 | 3,181 | 1,450 | 972 |
| **Албанци** | 501 | 1,600 | 3,169 | 1,244 | 699 | 344 |
| **Роми** | **65** | **79** | **68** | **61** | **52** | **42** |
| **Турци** | 95 | 132 | 296 | 111 | 98 | 56 |
| **Срби** | 31 | 64 | 63 | 47 | 60 | 23 |
| **Власи** | 0 | 29 | 93 | 17 | 18 | 0 |
| **други** | 39 | 48 | 201 | 36 | 40 | 27 |
| **Вкупно** | 2075 | 6,525 | 9,712 | 4,697 | 2,417 | 1,464 |

Имајќи ги во предвид податоците од МИОА за зголемување каде што во споредба со 2021, бројот на вработени Роми е зголемен за 307 лица, во споредба со податоците добиени од агенцијата за администрацијата, каде што само 42 лица од вкупниот број на огласи се вработени Роми, останува фактот дека  265 лица "погрешно" се пријавени дека се Роми. Злоупотребата во однос на националната припадност во делот на вработувања во јавниот сектор значително е зголемена при што од одлуките за огласите за лицата коишто се селектирани имињата соодветствуваат со припадност кон македонска и албанска етничка група.

## 2.2 ОБЛАСТ: ДОМУВАЊЕ

Ковид 19 пандемијата на површина ги истакна сите системски недостатоци, особено кај Ромската заедница при што во доменот на инфраструктура и домување може да се забележи дека во периодот 2021-2022 сеуште не се урбанизираат ромските населби во општините, што дополнително го отежнува процесот на поставување инфраструктура и неможноста да се легализираат живеалиштата во тие населби. Имајќи предвид дека домувањето е претежно локален проблем, општините иако се задолжени да доставуваат податоци за спроведувањето на инфраструктурните проекти .

### 2.2.1 ОБЕЗБЕДЕНО СОЦИЈАЛНО ДОМУВАЊЕ ЗА РОМСКИТЕ СЕМЕЈСТВА ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА

Во текот на 2021 Министерството за транспорт и врски има спроведено постапка за распределба и доделување на 11 станови во општина Струмица во рамки на Проектот за домување на социјално ранливи групи Ф/П1674, но ниту еден не е доделен во категоријата 5. Лица припадници на ромската заедница социјално загрозени.

Министерството за транспорт и врски во 2022 година има спроведено постапка за распределба и доделување на социјални станови во четири општини, Гостивар, Пробиштип, Виница и Свети Николе. Според информациите од граѓанските организации уште две ромски семејства имаат добиено станови во Гостивар во останатите категории.

*Табела 8: Доделени социјални станови на Роми по општини*

| Град | Датум | Вкупно доделени станови | Вкупно доделени станови на Роми од корисничката категорија |
|---|---|---|---|
| Гостивар | 04.03.2022 | 45 | 5 |
| Пробиштип | 15.08.2022 | 20 | / |
| Виница | 14.10.2022 | 29 | 1 |
| Свети Николе | 25.10.2022 | 27 | / |

### 2.2.2 РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОПШТИНИТЕ ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА ПРЕТЕЖНО СО РОМСКО НАСЕЛЕНИЕ

Според информациите од Министерството за транспорт и врски и согласно одлуката за распределба на средства за инфраструктурни проекти како и проекти поддржани од Германската развојна банка во 2021 година, реализирани се осум инфраструктурни проекти во седум општини со вкупна вредност од 14.924.427 денари.

*Табела 1: Опфатеност на Роми со инфраструктурни проекти во 2021 година*

| Општина | | Проект | Износ (денари) | Вкупен број на Роми |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Крива Паланка | Реконструкција на пристапни патишта во населба Единство, општина Крива Паланка: пристапен пат од поранешен ловечки дом м.в. Радевска маала и дел од пристапна улица "Пиринска" | 2.000.000 | 447 |
| **2.** | Кавадарци | Доградба на потпорен ѕид (заштита на инфраструктурни линии на улица Клинска) | 2.000.000 | 729 |
| **3.** | Прилеп | Улично осветлување на улица Дебарца | 933.153 | 3 966 |
| **4.** | Кочани | Изградба на препумпна станица за дел од системот ,,висока зона на притисок на град Скопје" | 2.000.000 | 1 892 |
| **5.** | Ранковце | Изградба на улица во село-Ранковце крак 1 | 1.991.274 | 143 |
| **6.** | Делчево | Реконструкција и подобрување на дел од дистрибутивна мрежа во градот Делчево, обиколка за индустриска зона крак 4 | 2.000.000 | 475 |
| **7.** | Шуто Оризари | Реконструкција и подобрување на дел од улица "Хаџи Јован Шишко" во општина Шуто Оризари – II фаза | 2.000.000 | 11 267 |
| **8.** | Шуто Оризари | Реконструкција и подобрување на дел од улица "Гвадалахара (крак)" во општина Шуто Оризари – II фаза | 2.000.000 | |
| **Вкупно** | | | **14.924.426** | **18.919** |

Според податоците од пописот во 2021 се проценува дека околу 18.919 Роми биле опфатени со инфраструктурните проекти.

Од добиените информации од Министерството за транспорт и врски во 2022 година се реализирани 11 инфраструктурни проекти во 11 општини со вкупна вредност од 14.924.427 денари

*Табела 10: Опфатеност на Роми со инфраструктурни проекти во 2022 година*

| Општина | | Проект | Износ (денари) | Вкупен број на Роми |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Шуто Оризари | Реконструкција и подобрување на дел од ул. Хаџи Јован Шишко II-ра фаза | 4.000.000 | 11 267 |
| **2.** | Кавадарци | Изградба на водоводна линија, фекална и атмосферска канализација на ул. Лазо Асијата | 3.754.944 | 729 |
| **3.** | Куманово | Употреба и одржување на сообраќајница околу Средорек | 3.344.138 | 2 795 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Берово | Доградба на фекална канализација во ромско маало-крак од ул. 23 Август | 599.483 | 339 |
| **5.** | Кратово | Обезбедување на вода во село Коњук | 373.588 | 100 |
| **6.** | Пехчево | Реконструкција на сува комора на резервоар во село Црник | 1.103.803 | 256 |
| **7.** | Босилово | Изградба на улица во с. Старо Балдовци | 396.966 | 16 |
| **8.** | Штип | Изградба на улица бр. 1 во населба Света Недела | 1.169.452 | 2 301 |
| **9.** | Делчево | Реконструкција на ул. Ванчо Прќе во Делчево со стационажа од км 0+0000,00 до км 0+223,62 | 1.428.074 | 475 |
| **10.** | Ранковце | Изградба на фекална канализација од с. Ранковце, фудбалско игралиште Ромско маало | 1.579.564 | 143 |
| **11.** | Неготино | Изградба на улици во населено место Пепелиште | 1.887.942 | 493 |
| **Вкупно** | | | **19.537.954** | **18.914** |

Според податоците од пописот во 2022 се проценува дека околу 18.914 Роми биле опфатени со реализираните инфраструктурните проекти.

### 2.2.3 ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Не постои систем на следење посебно по припадност на етникум па оттука податоци за степенот на реализација на мерките во оваа приоритетна област сеуште не е возможно да се утврди. Според податоците од Социјалното мапирање околу 30% од Ромите сеуште ги немаат легализирано своите живеалишта поради немање на урбанистички план во општината за тие населби или поради неможност за покривање на финансиските трошоци. Европска Унија и УСАИД преку своите програми поддржа проекти и активности со цел надминување на овој проблем, сепак оваа состојба останува непроменета. Во рамките на финансирањето на ЕУ, три општини општина Виница и Шуто Оризари отпочнаа процес на креирање на нови детални урбанистички планови како и легализација на одреден број на живеалишта.

Новиот предлог Закон за легализирање на бесправно изградените објекти не беше ставен во собраниска постапка. Сепак, критичните делови кои треба да се регулираат со предлог-законот остануваат да бидат предмет на дискусија. Истото важи и за процесот на урбанизација кој и понатака останува критичен аспект кој може да делува на помал број на легализирани живеалишта на Роми.

Делови од предлог-законот за легализирање на бесправно изградените објекти кои се критични за ромската заедница:

- Според предлог законот општините ex officio ќе ја суспендираат апликацијата за легализација доколку за таа населба нема усвоен ДУП. По суспендирањето на апликацијата ќе се побара од Советот на општината да одлучи дали документацијата е во согласност со ДУП и дали ДУП ќе може да се прошири. **Доколку населбата населена со Роми не е урбанизирана и доколку урбанизацијата не биде спроведена во рок од 6 месеци од поднесување на документацијата за легализацијата, жителите кои ја поднеле**

**апликацијата ќе треба да чекаат на финалната одлука на Советот на општината. Со ваквата одредба и ситуација се зголемува правната несигурност и се намалува можноста за ефикасно спроведување на постапката на легализација.**

- Предлог законот определува индивидуална постапка по поднесена апликација за легализација по што Советот на општината во случај кога легализацијата побарува проширување на ДУП одлучува по единечен предмет. **Земајќи го во предвид фактот дека постојат цели ромски населби кои не се урбанизирани, ваквата регулација и не нудењето на процедура која би можела да разгледува повеќе предмети како еден предмет, може да го успори и усложни процесот на легализација.**
- **Членот 27 од предлог законот пропишува опасност од рушење и понатамошни последици за оние жители чија документација не е дел од ДУП.** Ваквата одредба допринесува за правна несигурност кај ромското население кои живее во тие подрачја. Прогрес извештајот на Европската Комисија за 2019 година повторно го има нотирано проблемот со домувањето каде што е вклучен и проблемот со урбанизација.
- **Предлог законот исто така не дава право и не пропишува можност за легализирање на живеалиштата на лицата без извод од матична книга на родени или лицата со идентификациона исправа издаде со упис во посебната матична книга на родени.**

Во долунаведената табела даден е приказ на не-урбанизирани населби чиишто живеалишта не се легализирани бидејќи е потребна промена на Генералниот или Деталниот урбанистички план.

*Табела 11: Преглед на населби кои не се урбанизирани*

| | Општина | Не-урбанизиран населба |
|---|---|---|
| **1.** | Шуто Оризари | Бараки, ул. Гарибалди, Волт Дизни, Георги Пенков |
| **2.** | Куманово | Средорек |
| **3.** | Прилеп | Дел од Тризла |
| **4.** | Битола | Баир |
| **5.** | Тетово | Ул.146 |
| **6.** | Гостивар | Дупка |
| **7.** | Кичево | Мексико маало |
| **8.** | Велес | Прцорек |
| **9.** | Кавадарци | Бушанско маало |
| **10.** | Струмица | Климент Охридски, Транзит |

## 2.3 ОБЛАСТ: ЗДРАВСТВО

Здравството и во 2020 и 2021 година продолжи да биде една од најкритичните области поради фактот што пандемијата предизвикана од Ковид19 продолжи да ги прикажува недостатоците на здравствениот систем и дополнително ги засили веќе постоечките здравствени нееднаквости .

Лажните вести и дезинформации поврзани со Ковид19 продолжија и имаа сериозно влијание врз ромската заедница. Како резултат на лажните вести и дезинформации дури 47% сметаа дека вакцините не се безбедни, 25% сметаа дека Ковид19 не постои, 11% сметаа дека сакаат да не чипираат, а 9% сметаа дека вакцините се за богатење на поединци . Во јули во општина Шуто Оризари беше отворен пункт за вакцинација од Ковид19.

Предизвик остана зголемувањето на бројот на вакцинирани Роми како и пристапот до матични лекари.

### 2.3.1 ПОДОБРЕН ПРИСТАП ЗА РОМИТЕ ДО ИНТЕГРИРАНИ, КВАЛИТЕТНИ, ПРЕВЕНТИВНИ И КУРАТИВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

#### Здравствено осигурување

Проектот „Здравствено осигурување за сите" преку кој се овозможи на сите лица кои немаат здравствено осигурување, вклучувајќи ги лицата без документи. Според студијата[1] на Finance Think направена во 2020 година во делот на партиципацијата се забележува дека овој проект влијаел позитивно во подобрувањето на здравствените индикатори, особено кај ромската заедница. Во 2021 и 2022 поради Ковид19 пандемијата и мерките кои беа донесени од страна на Владата на РСМ сите кои граѓани, вклучително и Ромите кои немаат здравствено осигурување беа заштитени од пандемијата.

Со укинувањето на мерките кои важеа за време на пандемијата, повторно лицата кои немаа лична документација беа оставени надвор од здравственото осигурување. Повеќе од 3 години од донесувањето на посебниот закон за неевидентирани лица, нема прогрес во оваа насока. =ж

#### Вработување на медицински персонал од ромска националност

Според податоци од МИОА, во рамки на Министерството за здравство нема вработено Роми, додека податоци за медицински персонал не се достапни. Со поддршка на Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико се направија напори повторно да се отвори гинеколошка ординација во Шуто Оризари. Повеќе од една година не им беа достапни здравствени услуги на повеќе од 8.000 жените Ромки од оваа општина при што беа приморани да патуваат во соседните општини. Ромалитико даде поддршка за вработување на медицинска сестра Рома за шест месеци во договор со докторот за преземање на обврските за вработување на медицинската сестра после изминување на првите шест месеци. Дополнително во 2022 година се даде поддршка на Министерството за здравство за вработување на две медицински сестри Ромки, една медицинска сестра во поликлиниката во Шуто Оризари и една медицинска сестра во поликлиниката во Чаир во одделот за Брза помош на кој и беше донирано амбулантно возило за потребите на ромската

[1] Finance Think. (2020). Универзалното здравствено осигурување во Република Македонија и ефектите од спроведување на проектот „Здравствено осигурување за сите". Достапно: https://tinyurl.com/yns4azku

заедница во Шуто Оризари. Сите овие активности беа дел од Ковид19 планот за поддршка на Шуто Оризари преку соработка на Ромалитико, АВАЈА и  Канцеларијата за ромски иницијативи (РИО).

**Здравствени медијатори**

Во 2022 година ангажирани се 17 ромски здравствени медијатори од кои седум работата на територијата на Град Скопје и по еден во Пехчево, Штип, Битола, Прилеп, Кочани, Кавадарци, Виница, Гостивар, Тетово, Берово. Според полот 11 се девојки и жени Ромки и шест мажи.

## 2.3.2 НАМАЛЕНИ РИЗИЦИ И ПРЕВЕНИРАНИ БОЛЕСТИ ПОВРЗАНИ СО СМРТНОСТ КАЈ ДЕЦА РОМИ (0-6 ГОД)

Еден од приближните индикатори за мерење на постигнувањето во однос на горенаведениот исход е стапката на смртност на доенчиња. Според податоците на државниот завод за статистика во 2020 биле родени 19,031 бебиња, додека во 2021 година биле родени 18,648 бебиња, додека за 2022 година Заводот за статистика сеуште ги нема обработено податоците. При што најголем процент на живородени деца според глава на жител е забележана кај ромската заедница во 2020 година 1166 бебиња, додека во 2021 година биле родени 1267 бебиња.  Во 2020 бројот на умрени доенчиња изнесувал 13, а во 2021 се зголемил на 15.

***График 2: Стапка на смртност на доенчиња според етничка припадност***




Според индикаторот за мерење на стапката на смртност на доенчиња може да се забележи дека во текот на 2021 кај ромската заедница во 2020 година изнесува 11.1, а во 2021 година се зголемила на 11.8 на 1000 жители што скоро двојно повисок во споредба со останатите етнички заедници. За 2022 година Заводот за статистика сеуште ги нема обработено податоците.

График 5 дава приказ за процентуалното учество на умрени лица на припадниците на заедниците во однос на вкупниот број на умрени луѓе. Краткиот животен век на Ромите е документиран во многу извештаи, при што од резултатите на државниот завод за статистика укажуваат дека 7% од ромската заедница умира на годишна возраст 25-44, додека 36% умира на годишна возраст од 45-64 години. Околу 50% умират на возраст од 65-84, при што само 4% доживува 85 години.

*График 3: % учество на етничките заедници во вкупниот број на умрени луѓе, 2020 година*




Додека во 2021 година од График 6 може да се забележи дека 6% од ромската заедница умира на годишна возраст 25-44, 40% умира на годишна возраст од 45-64 години што споредбено со 2020 година претставува зголемување на процентот за 4%. Додека 47% умираат на возраст од 65-84, при што само 3% доживува 85 години. Доколку пак споредиме со старосна пензија само 50% од Ромите може да дочекаат старосна пензија додека кај не-Ромите во просек процентот изнесува 75%. За 2022 година Заводот за статистика сеуште ги нема обработено податоците

*График 6: % учество на етничките заедници во вкупниот број на умрени луѓе, 2021 година*



## 2.4 ОБЛАСТ: ОБРАЗОВАНИЕ

### 2.4.1 ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

Како и во текот на претходните години, Министерството за труд и социјална политика продолжи да ја спроведува мерката за ослободување на родителите од плаќање на партиципација за предучилишно образование. Бројот на запишани деца Роми за 2020/21 на национално ниво изнесува 420, а со мерката ослободени од плаќање на партиципација се опфатени 187 деца Роми во 15 општини.

Учебната 2021/2022 година е четврта година по ред на имплементирање на мерката со заклучок (преку системско решение) од Влада. Бројката од 187 деца Роми претставува 40% од предвидениот таргет на 390 деца опфатени со мерката ослободување од плаќање на партиципација. Мерката во текот на 2021/2022 година била реализирана во следните општини: Берово, Битола, Виница, Прилеп, Чаир, Делчево, Кочани, Куманово, Велес, Пехчево, Дебар, Центар, Кавадарци и Радовиш.

### 2.4.2 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Според добиените информации од Министерството за образование и наука вкупниот број на запишани ученици Роми за 2020/21 година изнесува 8897 ученици, додека за 2021/22 бројот изнесува вкупно 9727 ученици.

*Табела 12: Преглед на запишани ученици во основно образование во текот на 2020/21 и 2021/22*

| | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **20/21** | 637 | 607 | 728 | 701 | 668 | 599 | 586 | 564 | 626 | 587 | 561 | 467 | 449 | 419 | 277 | 261 | 78 | 82 |
| **21/22** | 428 | 438 | 656 | 532 | 695 | 639 | 665 | 638 | 635 | 592 | 578 | 539 | 587 | 535 | 495 | 390 | 341 | 344 |

Според објавените податоци на Државниот завод за статистика, од вкупно 19173 ученици, 650 се ученици Роми кои во учебната 2020/2021 го комплетирале своето основно образование. Од нив 306 се припаднички на женскиот пол.

*Табела 13:* Број на ученици Роми кои завршиле основно образование

| Година | Вкупен број на ученици | Ученици Роми | Пол: девојчиња |
|---|---|---|---|
| **2020/2021** | 19173 | 650 | 306 |
| **2019/2020** | 19214 | 628 | 313 |
| **2018/2019** | 19888 | 569 | 279 |

Министерството за образование за учебната 2020/2021 година ангажираше 33 образовни медијатори во 25 општини во земјата од предвидените 35 медијатори за 26 општини.

Според информациите на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието има изготвено наставни програми според кои што децата со надмината возраст се вклучуваат во наставата со ученици кои на нивна приближна возраст. Училиштето треба да води грижа при вклучувањето на ученикот возраста да не е поголема од 2 години за ученици до 10 години, додека за ученици до 15 години училиштето треба да води грижа возраста да не надминува 2 односно 3 години од возраста на другите ученици. Доколку ученикот покажува добри резултати постои можност да добие потврда за завршени две одделенија. Проверката на знаењето на ученикот се врши според инструментите предвидени во Прилагодената наставна програма за образование на деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возраст.

Според добиените информации од Министерството за труд и социјална политика, на територијата на Скопје функционираат две центри за деца на улица, во Кисела Вода и во Шуто Оризари. Дневниот центар во Шуто Оризари е менаџиран од страна на Здружението за заштита на правата на детето. Според податоците, бројот на деца на улица на територијата на РСМ за 2021 година изнесува 70 деца.

Во однос на следењето на онлајн наставата поради Ковид19 состојбата, согласно Планот за одржување на настава за ученици кои немаат ИКТ/Смартфон училиштата организираа настава со физичко присуство во согласност со родителите. Во случај на несогласување со физичкото присуство, училиштата организираа и хибридна настава, со достава на пишани материјали и домашни задачи. Бројот на ученици кои посетуваа хибридна или друг начин на настава во основно образование во текот на 2021 година изнесува 4900 ученици од кои 2200 ученици припадници на ромската заедница.

## 2.4.3 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Според добиените податоци од Министерството за образование и наука вкупниот број на запишани средношколци Роми во текот на 2020/2021 изнесува 2543 ученици, а за учебната 2021/2022 изнесува 2115 ученици.

*Табела 13: Број на запишани Роми во средно образование*

| Година | I | | II | | III | | IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **2020/2021** | 303 | 276 | 428 | 340 | 460 | 400 | 164 | 172 |
| **2021/2022** | 247 | 221 | 227 | 221 | 349 | 293 | 278 | 279 |

*Табела 13: Број на запишани ученици Роми во прва година*

| **Учебна година 2019/2020** | **I** | |
|---|---|---|
| Ученици Роми 2019/2020 | М | Ж |
| | 263 | 215 |
| **Учебна година 2020/2021** | | |
| Ученици Роми 2020/2021 | 303 | 276 |

Бројот на ученици запишани во средно образование за учебната 2020/2021 година е 579, од кои 303 мажи и 276 жени.

Според податоците од Државниот завод за статистика, бројот на ученици кои го завршиле своето образование во 2020/2021 изнесува вкупно 387, од кои 116 завршиле средно на 3 годишна програма.

*Табела 14: Број на ученици кои завршиле средно образование*

| Година | Вкупен број на ученици | Средношколци Роми | 3 годишна програма вкупно | 3 годишна програма Роми | % на средношколци Роми во 3 год. програма |
|---|---|---|---|---|---|
| **2020/2021** | 19490 | 387 | 1081 | 116 | 30% |
| **2019/2020** | 16251 | 284 | 1080 | 95 | 33% |
| **2018/2019** | 20131 | 318 | | 84 | 26% |

Бројот на приматели на стипендија од Министерството за образование и наука за учебната 2020/21 година изнесува 886.

## 2.4.3 ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупниот број на студенти Роми во текот на 2019/2020 година изнесува 192 (од нив 113 Ромки), додека во текот на 2020/2021 година изнесува 195 студенти Роми (од нив 120 Ромки). Во текот на 2020/2021 година бројот на запишани студенти за прв пат во прва година изнесува вкупно 32 (17 Ромки) во државна квота и 13 во квота на кофинансирање (8 Ромки).[2]

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на дипломирани студенти во текот на академската 2020/2021 година изнесува 7753, од кои 33 Роми (10 машки и 23 жени). Според Министерството за образование и наука бројот на дипломирани студенти Роми за истата година е 12, за студенти во државна квота.[3]

---

[2] БЈРМ – Министерство за образование и наука

[3] Овој податок од Министерството за образование и наука се однесува само на стипендираните студенти.

## 4. ЗАКЛУЧОЦИ

Во однос на претходната година, во извештајот во сенка за 2021-2022 може да се забележи дека во одредена мера состојбата на Ромската заедница има тренд на закрепнување од економските последици од Ковид кризата, додека во делот на областа здравство состојбата стагнира. Во прилог следат заклучоци за состојбите во рамки на институционалната поставеност и постигнувањата во четирите приоритетни области:

1. **Институционална поставеност**

- ✓ Во рамки на програмата на Влада 2022-2024, наведени се конкретни програми планирани активности за интеграција на Роми,
- ✓ Значителни напори за одржување на комуникацијата со јавност на Националната контакт точка за активностите поврзани со јавните политики за Роми
- ✗ Немање на човечки ресурси и институционална поставеност во форма на Директорат, сектори за поддршка на Националната контакт точка
- ✗ Немање на извештај за спроведување на јавни политики за Роми
- ✗ Немање на човечки ресурси за поддршка на работата на интерпарламентарната група за Роми

2. **Вработување**

- ✓ Зголемување на опфатот на Роми во активните мерки за вработување
- ✓ Адаптација на системот за социјална заштита за ублажување на економските последици од Ковид кризата
- ✓ Зголемена вработеност на Роми во приватниот сектор
- ✗ Учеството на регистрирана невработеност кај Ромите е зголемено, достигнувајќи 10.3% од вкупно регистрирани невработени. Може да се забележи дека уделот на регистрирана невработеност е поголем кај жените Ромки.
- ✗ Структурата на квалификациите на невработените Роми останува непроменета, со скоро 93% од невработените Роми кои немаат образование или имаат завршено основно образование.
- ✗ Околу 31% од регистрираните невработени Роми се долгорочно невработени. Продолжениот период на невработеност кај Ромите ги демотивира невработените Роми активно да се вклучат на пазарот на трудот, што исто така придонесува за доброволно напуштање на некои невработени Роми.
- ✗ Во сегашните активни мерки за вработување, нема мерки за надминување на непријавената работа на Ромите, ниту систем за поддршка за трансформација од непријавена во декларирана работа.
- ✗ Правичната застапеност во државната и јавната администрација е изнесува 1.19. Во локалните општини процентот е уште помал, додека во другите важни институции како што се здравствените установи, образованието, Агенцијата за вработување процентот е помал од 0,5%.

**3. Домување**

- ✓ Министерството за транспорт и врски има најголемо извршување на буџетот за интеграција на Ромите, достигнувајќи 100%.
- ✓ Воведена методологија за доделување и распределба на финансиски средства на општините за капитални проекти
- ✓ Доделени социјални станови за Роми
- ✗ Урбанизацијата на одредени ромски населби во Шуто Оризари, Куманово, Прилеп, Битола, Тетово, Гостивар, Кичево, Велес, Кавадарци, Струмица останува предизвик, со тоа што немањето на ДУП и ГУП не допушта инфраструктурни инвестиции. и деталните урбанистички планови во општините.
- ✗ Изградбата на типски куќи во општина Кочани и натаму останува проблем, иако средствата се распределени на општината
- ✗ Законот за легализација на бесправно изградени објекти е закочен во Собранието

**3. Здравство**

- ✓ Зголемен број на здравствени медијатори
- ✓ Зголемен буџет и зголемена реализација на буџетски средства
- ✗ Стапката на смртност во однос на изминатата година е зголемена и изнесува 11.8/1000
- ✗ Резултатите од виталните статистики од Државниот завод за статистика покажуваат дека 10.7% од ромската заедница умираат на возраст до 44 години, додека **40% умираат на возраст од 45 до 64 години**, при што овој процент е најголем меѓу ромската заедница. Останатите 47% умираат на возраст меѓу 65 и 84 години, а само 8.6% живеат до 85 години.
- ✗ Лицата кои се евидентирани во посебната матична книга на родени сеуште не се здравствено осигурени
- ✗ Ромските медијатори сѐ уште не се систематизирани во здравствените установи низ РСМ.

**5. Образование**

- ✓ Систематско решение за вклучување на деца Роми во социјален ризик со одлука на советите на општините за ослободување од партиципација во градинки.
- ✓ Зголемен број на ангажирани ромски медијатори за олеснување на пристапот до образование, намалувајќи ги стапките на напуштање на Ромите.
- ✗ Осип во основното образование
- ✗ Сегрегација на ученици Роми во основните училишта во општините Битола и Прилеп

# 5. ПРЕПОРАКИ

Тргнувајќи од дефинираните заклучоци, во прилог следат Препораки кои се однесуваат на ниво на законски промени и политики кои треба да се воведат кои ќе придонесат кон интеграција на Ромите во општеството. Имајќи во предвид дека во изминатите години мал дел од активностите се исполнети, ресорните министерства треба да пристапат кон креирање на нова стратегија за Роми, со јасно дефинирани таргети и цели, и воспоставување на мониторинг систем:

**Институционална поставеност**

- Воведување на сектори за имплементацијата на јавните политики за Роми
- Дефинирање на финансиска рамка во соработка со донаторската заедница во подолг период за планирање на програми, мерки и активности
- Патоказот за индикаторите за достигнување во однос на домувањето и вработувањето треба да биде поврзан со заклучокот на семинарот за Ромите, и понатаму да се операционализира во еден документ што треба да го следат релевантните министерства.
- Зголемување на одговорностите на НКТ во делот на следење на заклучоци и давање препораки до ресорните министерства за спроведувањето на планираните активности од НАП

1. **Вработување**

**Законски измени:**

1.1 **Закон за отпис на долгови** – Имајќи предвид дека голем број од Ромското население се соочува со извршителни акти за неплатени долгови по однос на комуналии, електрична енергија, вода и сл., а со цел да се олесни пристапот за премин од непријавена во пријавена работа препорака е ***Владата да донесе мерка за отпис на долгови на сите оние кои ќе решат да преминат во формалниот сектор.***

1.2 **Закон за претприемништво** – Донесување на законот за социјално претприемништво при што посебен фокус да се посвети на даночните ослободувања со цел да се стимулира вработување на ранливите категории на граѓани.

1.3 **Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност** – Измена на законот во делот на бришење и забрана за евидентирање на лицата кои не се пријавиле во период од 30 дена

1.4 **Измена на законот за вработување во јавниот сектор** - Новиот модел за вработување во јавната администрација треба да биде транспарентен и да го вклучи граѓанскиот сектор. Основната линија за сите етнички малцинства треба да се ажурира и застапеноста на Ромите треба да се заштити во комисијата за обезбедување еднаква застапеност во јавната и државната администрација. Исто така, постојните Роми вработени во администрацијата треба да бидат унапредени на раководни места во јавната администрација

1.5 **Зголемен опфат на Роми во мерките за ИТ вештини**

**Мерки:**

1. Пилот мерка за субвенционирано вработување и дооформување на образованието на Ромите. Имајќи во предвид дека субвенционираното вработување придонесува за работно ангажирање на подолг период, оваа мерка треба да се пилотира со дополнителен стимул (финансиски или нефинансиски) за работодавачите доколку вработат Роми.
2. Креирање на програма за формализација на неформалната економија/ непријавена работа со пилотирање на мерки за воведување ваучер систем, менторството во првите 2 години за луѓето со непријавена работа, ослободување од давачки (фирмарина, регистрација и сл. трошоци), доделување на фискални апарати и сл.
3. Обезбедување грантови на ГО за пилотирање на иницијативи за социјално претприемништво.
4. Измени на програмата Гаранција за млади - Во рамките на програмата Гаранција за млади, нема мерки за таргетирање на групата на лица кои се невработени и не посетуваат училиште или обука. Ромите сочинуваат голем дел од оваа група и поради тоа Министерството за образование и наука во соработка со граѓанските универзитети и Министерството за труд и социјална политика треба да создаде можности како што се обезбедување на втора можност за образование, усвојување на Рамка за квалификации за неформално образование во цел да се признаат вештините и способностите на сите.
5. Вработување на Роми државната и јавната администрација со цел зголемување на процентот на застапеност од 1.19% на 1.8% во неколку фази и тоа:
    - Систематизирање на сите медијатори (образовни, здравствени, РИЦеви) во постоечките структури на ресорните министерства
    - Вработување на Роми во новото Министерство за политички систем
    - Вработување на Роми во секторите каде што се застапени со помалку од 1% - училишта, здравствени домови, локална самоуправа, агенција за вработување и сл.

6. Слично на младинскиот додаток, Владата може да воведе мерка за стимулирање на долгорочно невработените лица и жените, со цел активно да ги вклучи на пазарот на трудот. Ваквите мерки исто така ќе вклучуваат и Роми и дополнително ќе ги мотивираат невработените лица да се пријават во Агенцијата за вработување. Исто така, младинскиот додаток не треба да биде поврзан со нивото на образование, бидејќи има слоеви на населението кои немаат завршено средно образование, но работат во производствениот сектор.

## 2. Домување

**Законски измени:**

2.1 Законот за постапување со бесправно изградени објекти –

2.2 Промена на Генерални Урбанистички Планови и Носење на Детални урбанистички планови. Имајќи во предвид дека една од главните пречки е што парцелите каде што се изградени куќите на ромските семејства не се урбанизирани и влезени во ГУП или ДУП потребно е да се направи измена или носење на нови, во парцелите кои што не се во ризично подрачје.

2.3 Закон за социјално домување

**Мерки:**

1. Техничка поддршка на општините за изработка на проекти за урбанизација со цел искористување на програмата за урбанизација од централниот буџет, која што во моментот е со искористеност од 40 – 50% во делот од буџетот на Министерството за транспорт и врски.

2. Изградба на социјална зграда во Шуто Оризари согласно предвидениот план за изградба на социјални станови во рамките на проектот ФП1764.

3. Подобрувања на условите за обезбедување привремено домување во Ранка Милановиќ

4. Зголемување на буџетот за инфраструктурни проекти во населбите каде што живеат Роми. Имајќи ја во предвид 100% реализација на проектите, како и инфраструктурните проблеми на заедницата ставката за Дотации до ЕЛС има можност за зголемување

5. Мониторинг на спроведувањето на проекти од страна на општините од добиените заеми и грантови од Светка Банка, Банка на Совет на Европа и други меѓународни донатори.

## 3. Здравство

**Законски измени:**

**1.Измени во законот за здравствено осигурување** со цел вклучување на лицата без документи во системот на здравствено осигурување

**Мерки**:

1. Систематизирање на здравствените медијатори во здравствените домови

2. Вклучување на здравствените проблеми на Ромите во постојната програма за јавно здравје со развој на специфични цели за Ромите

3. Вработување на Роми во болниците и обезбедување стипендии / можности за специјализација за доктори Роми

4. Акредитација на нови ромски медијатори за добивање на лиценца со цел да се зголеми опфатот на Ромско население во останатите општини.

5. Опремување и обезбедување на човечки ресурси во здравствениот дом во Шуто Оризари

4. **Образование**

**Мерки:**

1. Креирање на програма за деца кои не се вклучени во системот за образование а се на возраст од 7 до 14 години од страна на Бирото за развој

2. Бесплатно дооформување на основното и средното образование за лице кои се постари од 16 години

3. Зајакнати контроли во основните училишта за утврдување на вистинската бројка на деца во училиштата на почеток и на крај на учебната година со цел утврдување на реалниот осип на деца, како и преминот од основно во средно образование

4. Систематизирање на образованите медијатори согласно законот за основно образование

## 6. КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ


1. Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2021,2022
2. Годишен извештај 2020 за нивото на обезбедување, унапредување и заштита на човековите слободи, Народен правобранител, достапен на http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2020/GI-2020.pdf
3. Министерство за финансии, Предлог на буџет за 2021 и 2021 година
4. Оперативен план за активни програми и мерки за вработување на пазарот на трудот за 2021,2022 година, http://bit.ly/2mgTGsZ
5. Одговори на барања за информации од јавен карактер и одговори добиени од АВРМ, МОН, МТСП, МТВ, Влада на РНМ, ДЗС во текот на 2021,2022 година
6. Веб-платформа, отворени податоци